На денешната главна пленарна седница на 39-то заседание на Генералната конференција на УНЕСКО што се одржува во Париз, на која говорат шефовите на делегациите на земјите - членки, се обрати и шефот на македонската делегација, министерот за култура во Владата на Република Македонија, Роберт Алаѓозовски.



Во неговото обраќање, министерот Алаѓозовски рече дека Владата на Република Македонија секогаш обрнува големо внимание на соработката со Организацијата и активно ги промовира и ги спроведува нејзините активности и иницијативи во областа на културата, образованието, науката, комуникациите, информациите, програмите за млади и за граѓанското општество, човековите права, како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво.

„Човековите права и слободи се императив за креирање и развој на актуелните политики и практики во нашата земја. Со почитување на културната разновидност и со подигање на свеста за значењето на интеркултурниот дијалог, се стремиме да ги надминеме стереотипите, да ги продлабочиме пријателските и хуманите односи меѓу луѓето во насока на  градење похуман свет, отворен за нови облици на конструктивен и креативен дијалог, како една од суштинските заложби на Организацијата“, истакна Алаѓозовски пред учесниците на Генералната конференција.

Министерот за култура посочи дека во периодот меѓу двете генерални конференции на УНЕСКО, Македонија реализираше повеќе конкретни активности кои придонесоа за збогатување на професионални искуства и капацитети, а беа направени напори заеднички да бидат надминати и искоренети актуелните проблеми со кои се соочува човештвото на глобално ниво - сиромаштијата, климатските промени, нетолеранцијата, тероризмот, миграциите.


39e session
Conférence
générale
39th session
General
Conference

